FOR IMMEDIATE RELEASE
October 17, 2013
Press office: +389 02 3115-244
Cell phone: + 389 070 210 715
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

## СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

### *Интернационален ден на кредитни унии (ICU Day)*

Во пресрет на 15 годишнината од своето постоење, Штедилница ФУЛМ продолжува традиционално да го празнува **Интернационалниот ден на кредитни унии (ICU DAY).** Од далечната 1948 година, во светот, овој ден се прославува на третиот четврток во месец Октомври.

Во чест на овој посебен ден, Штедилница ФУЛМ подготви ИЗНЕНАДУВАЊА за постојаните членови, како и за оние кои зедоа кредити изминатиот период. Настанот свечено ќе се одбележи на 17 Октомври 2013 година во период од 17.00-19.00 часот во ТЦ Веро Џамбо во Скопје, на кој ќе присуствуваат голем број на членови од сите филијали на Штедилница ФУЛМ.

**200 милиони луѓе низ целиот свет, ги одбраа кредитните унии**, како нивен најдобар финансиски партнер. Тие постојат за да им служат на своите членови обезбедувајќи им безбедно место за нивните заштеди и пристап до поволни кредити. Според светската статистика, кредитните унии постојат во 101 земји во светот, каде 200 милиони членови користат услуги во 56.000 кредитни унии, на сите континенти.

Македонија се вклучи во тој светски тренд, со основањето на Штедилница ФУЛМ во 1999 година, со финансиска поддршка на Агенцијата за меѓународен развој на САД, USAID (www.usaid.org.mk) и со техничка поддршка од Светскиот совет на кредитни унии WOCCU (www.woccu.org) .

*Штедилница ФУЛМ е член на Светскиот совет на кредитни унии со седиште во Медисон, САД и основач на Европската мрежа на кредитни унии со седиште во Брисел. Штедилница ФУЛМ е партнер со Лигата на кредитни унии на Мичиген, САД (www.mcul.org) и со Асоцијацијата на кредитни унии на Полска (www.skok.pl) .*

*Од основањето до денес, ФУЛМ опслужи повеќе од 20.000 корисници на штедни и кредитни производи (www.fulm.com.mk) . Штедилница ФУЛМ работи преку своите филијали низ цела Македонија: во Скопје, во Центар, Аеродром и Автокоманда, потоа Кавадарци, Битола, Струмица и Тетово. Сепак, преку програмата за мобилно банкарство, ФУЛМ ги опслужува и сите останати населени места во Македонија, каде сеуште нема отворено филијали.*